АНТОИ
АПУЛЕО
БЕРНИ
БОСКИ
ДЕ СТЕФАНО
ФИЛИПОВИЌ—ФИЛО
ФРАСКОНИ
ГУЉЕЛМОТИ
ПОРЦАНО
ПАУЛУЧИ
ШЕРМАН
ВЕРЛОН

САЛОН НА МУЗЕЈОТ — ЃУРО САЛАЈ 34 — СКОПЈЕ

МУЗЕЈОТ
НА СОВРЕМЕНА
УМЕТНОСТ
ОД СКОПЈЕ

ВО СОРАБОТКА
СО ГАЛЕРИЈАТА
ПЕНЕЛОПЕ
ОД РИМ

# 12 СТРАНСКИ УМЕТНИЦИ

21. X. — 3. XI. 1967
СКОПЈЕ

Без сомнение е дека во рамките на една културна политика која сака да дојде до објективно проценување на фактите во уметноста, улогата која и припаѓа на една уметничка галерија е меѓу најважните. И тоа го разбираме како став на присутност во суштината на едно време во условот кој би знаел и би можел да биде историски. Значи, отфрлување на секој став на лежерно исчекување спремно да инвентарисува сè што се случува во уметноста, оставајќи ја на другите задачата на оценување и донесување на суд. Оттука потребата за галерија која намерава да го потврди тоа отфрлување, за заземање на став кој логично може да биде само став на избор. Избор кој ќе биде урамнотежен и одмерен, со цел да извести и разјасни во една разбранувана положба како што е во современата уметност, со сите варијанти кои ги изискува таквата положба. Ова е многу поделикатна задача одошто трговската. Трговецот, всушност, кога го отфрлува трговското сфаќање tout-court, ги оценува тенденциите дури и ако се под светлото на културните перспективи, и се грижи за потврдата на овие тенденции со образложенија што се вон почетните културни настојувања, за да се повлече покасно пред причините што стануваат исклучиво трговски, со повеќе или помалку акционен радиус, зависно од случајот. Галеријата која примерно ја развива културната политика на известување ја одбегнува крутата каталогизација на тенденциите, за да се разреши низ дијалектиката на тенденциите.

Ни се чини дека оваа задача до денес ја извршувала галеријата Пенелопе од Рим, која претставува овде еден избор од своите уметници. Со отварањето кое сака да биде една естетска ширина, Галеријата дала доверба на сите оние сили кои на подрачјето на една раздвижена ситуација тежнеат кон менување и развивање на изразот во светлината на основното сваќање, кое не ја негира длабоката човечка вредност на изразувањата на уметноста. Изразување кое, тргнувајќи од кризата на и з в е с н о с т и и оценувањето, постепено, во текот на последните 20 години бара да создаде едно обновено внатрешно единство, способно да му го врати на човекот, како проблем на сознавање, значењето на човечноста. Ова е проблем што ги соединува на меѓународно ниво, сите сили кои се движат на подрачјето на кое делуваат влијанијата на едно уметничко изразување, а кој е подржан од длабоката идеолошка поврзаност кон суштината на една шема размислување — моралност: од периодот на раскинувањето непосредно после Втората светска војна, кон обидите за разјаснување на нашите денови. И тоа поминувајќи низ повторни прегледи на еден разговор кој со желба да објасни, го следи сознанието за средствата што ни ги нуди цивилизацијата на нашето време, вклучувајќи ги и колективните одушевувања. Од друга страна не може да се негира фактот дека тие исти одушевувања (а континуитетот не е често само историски) што го следат XX век, европскиот особено, во она чудесно цутење на идеите кои ги оживува годините од почетокот на векот. (помеѓу 1885 и 1915 — да бидеме попрецизни) па сè така напред за да завршат драматично, со она неприродно Аутодафе како што беше изложбата во Минхен 1937, под знакот „Изложба на дегенерираната уметност“: кога свршува секоја слобода и кога почнуваат најкрвавите трагедии кои човештвото ги доживеало. Ете зошто не интересираат уметниците, соединети на оваа изложба. Не сме овде за круто инвентарисување на една култура со истакнување на регионалниот вкус, туку за размена на идеи и мисли, која го гледа целиот распон на состојбата, во нејзиниот полн развиток, без усилена едносмерност, без задушување, со забелешка ова треба ова не треба во рамките на еден интернационализам, сватен меѓутоа — пазете добро — не како интернационализам на вкусот, туку како интернационализам на дијалогот.

Шерман, Верлон, Берни, Фраскони, Филиповиќ-Фило, Антои, Паулучи, Боски, Гуљелмоти, Порцано, Де Стефано, Апулео: се излагачи, уметници од Галеријата Пенелопе. А на кој начин се тие уметници на Галеријата? На планот на еден однос на идеи, надвор од секакво второстепено трговско расчле-

нување, во смисла на еволуција на дијалогот и мотивацијата што го поттикнуваат. Само вакво гледање оправдува еден така создаден разговор, кој тргнува од Паулучи, обземен со чувство на угледност на мислата, целиот од рафинирана култура, култура на идеи, секогаш во рамките на традициите на едно сликарство на вредности и авангардни намери кои можат да дојдат на пр. од изразот на еден Антои, целиот обземен од привлечноста на културата на една слика. Распон, значи, на една состојба која оди од „човечката ситуација“ на Берлон кон реализмот на Сара Шерман, кој е целиот во отфрлување на поучната декламација, народњачката, во полза на една поетска интерпретација на реалноста, до сатиричниот израз на Порцано. Стилската еволуција, која е еволуција на мислите на експресионизмот на Де Стефано, целиот обземен со усовршување на сопствениот израз во барањето кое е анализа на ситуацијата во која човекот тврдоглаво го бара сопствениот поетски простор. Живоста, забележана во моментот речиси како хроника, барањата на Боски: знакот — бојата на Гуљелмоти и на Филиповиќ-Фило; нормативна компонента отворено изјаснета во полза на народното прикажување кое до фантастично измислување ја следи хорската акција која го подвлекува настанот, — се наоѓа во графиките на Фраскони; префинетата интимна поезија и благородноста во барањата на Берни. Како што се гледа, тоа се епизодни присутности кои одат од една до друга појава, во жив разговор со разновидни решенија и предлози, но не и контрадикторни. Тоа е момент што сакаме да го потенцираме. Од овие уметници не избива целокупноста на ситуацијата, природно е, па сепак од такво расчленување интересен податок што треба да се истакне е климата која зрачи од нивниот однос и споредување. Еден вид заемен однос на мисли. Токму таа корелација за која зборувавме во почетокот на оваа белешка, има за цел да ја афирмира основната замисла која сака да ѝ ја признае длабоко човечката вредност на уметноста. Отфрлување, значи, на секое рационално-методолошко експериментирање, сватено како цел, односно прифаќање на една макар и експериментална фаза на разјаснување (барањата на Верлон не би можеле да се дефинираат на друг начин), сватени како средство.

Стремеж кон состојба која би можела да ги поврже со возбудувачка авантура минатото и сегашното низ континуираниот процес на внатрешно разбистрување, за да се разреши во историската точност.

Вито Апулео

**РИЧАРД АНТОИ**

Роден во Милано 1927. Сликар и архитект. Учествувал на повеќе значајни изложби меѓу кои: Национално Квадриенале во Рим, Уметничка изложба во Лациа, Меѓународно Биенале на мал цртеж во Палермо и Тунис, на Harlow Arts фестивалите во Есекс (Англија). Добитник на повеќе награди. Изведува и декорации за јавни згради во Италија и странство. Делата му се наоѓаат во Галеријата на Модерна уметност во Рим, како и во бројни јавни и приватни колекции.

1. ИСТРОШЕНОСТ НА СВИНГАТА, масло, 94 x 68, 1965.

2. СВОДОВИ, СОПИРАЧКИ И СЕКОЈДНЕВНИ СПОМЕНИ, масло, 115 x 93, 1966.

3. НАСМЕАНИ ФОРМИ, масло, 61 x 63, 1966.

**ВИТО АПУЛЕО**

Роден во Черињола 1928. Сликар и уметнички критичар. Излагал на најважни изложби, меѓу кои: на Националното Квадриенале во Рим, на уметничката изложба во Лацио, Premio Michetti, Премио на градот С. Ѓовани. Добитник на бројни награди. Делата му се наоѓаат во бројни јавни и приватни колекции.

4. ЅИД, масло, 80 x 100

5. ПЕЈСАЖ, масло, 80 x 100

6. КАЛАБРИСКИ ПЕЈСАЖ, масло, 80 x 100, 1966.

**АНТОНИО БЕРНИ**

Роден во Розарио де Санта Фе (Аргентина) 1905. Учествувал на многубројни самостојни и групни изложби во Аргентина, Франција, Шпанија, СССР, Полска, Германија, САД, Романија, меѓу кои на: Мајскиот Салон во Париз, Меѓународно Биенале во Љубљана, Биеналето во Венеција, каде 1960 година добил прва награда за графика. Неговите дела се наоѓаат во музеите во САД, Франција, Аргентина, Италија. Заедно со Верлон и Антои е основач на меѓународната група „Имаго".

7. ТОРЕАДОР, колаж и дрворез, 77 x 51, 1964.

8. РАМОНА НА ПРОЗОРЕЦ, колаж и дрворез, 41 x 64, 1965.

9. ТАТКОТО И МАЈКАТА НА РАМОНА, колаж и дрворез, 23 x 32, 1965.

## ДИНО БОСКИ

Роден во Болоња 1923. Учествувал на изложбата на Националното Квадриенале во Рим, на изложбата Morgan's Paint, Premio Suzzara, на Биеналето С. Марино, на Меѓунарното Биенале на мал цртеж во Палермо и Тунис, на Националната изложба на фигуративното сликарство во Милано и на други значајни изложби. Добитник на наградата Фиорино во Фиренца како и на наградите во Мерцабото, Чечини, Копар. Делата му се наоѓаат во бројни јавни и приватни колекции.

10. ИЗРАЗ НА ТОПКАТА, масло, 120 x 100, 1966.

11. А, масло, 100 x 100, 1965.

## АРМАНДО ДЕ СТЕФАНО

Роден во Неапол 1926. Учествувал на бројни изложби во Италија и странство, меѓу кои на Биеналето во Венеција, Националното Квадриенале на уметноста во Рим, Меѓународната изложба на мал цртеж во Палермо и Тунис, изложба на италијанската уметност во Австралија, СССР, Унгарија, Австрија, Шпанија, Блискиот Исток итн. Добитник е на бројни награди.

12. ЖРТВА, масло, 70 x 60, 1967.

13. ГРОБ НА ИНКВИЗИТОРОТ, масло, 70 x 60, 1967.

14. К. К. К., масло, 70 x 60, 1967.

## БРАНКО ФИЛИПОВИЌ — ФИЛО

Роден во Цетиње 1924. Самостојни изложби: Белград, Загреб, Брисел, Виена и Рим. Учествувал на групни изложби во земјата и странство: на Октобариските салони, изложба на современата југословенска уметност во Њујорк и Каиро, Биеналето на медитеранските земји во Александрија. Оваа година излага во југословенскиот павилјон на светската изложба во Монтреал и на изложбите на југословенското сликарство на Блискиот Исток. Делата му се наоѓаат во јавни и приватни колекции.

15. ПОРТРЕТ, масло, 80 x 100, 1966.

16. МОТИВ, масло, 85 x 100, 1967.

17. МОТИВ II, мешана техника, 66 x 50, 1967.

**АНТОНИО ФРАСКОНИ**

Роден во Монтевидео (Уругвај) 1919. По потекло е Италијан, а живее во САД. Имал самостојни ижложби во САД, Мексико, Уругвај, Италија, Англија. Учествувал на изложбите во Музејот на модерна уметност во Њујорк во разни земји на Европа, Латинска Америка и Азија. Делата му се наоѓаат во главните музеи во САД, како и во бројни јавни и приватни збирки во САД, Латинска Америка и Европа.

18. ЅИД (ВО ЧЕСТ НА ДАРИЦА ЛОРКА), дрворез во боја, 56 x 76, 1963.

19. СПОМЕН ОД ШПАНИЈА, дрворез во боја, 91,5 x 61, 1963.

20. ДАЛАС ВО ТЕКСАС ВО НОЕМВРИ 1963, дрворез во боја, 91 x 61, 5, 1963.

**МАРИО ГИЉЕЛМОТИ**

Роден во Рим 1921. Излагал на Националното Квадриенале на уметностите во Рим, на уметничката изложба во Лациа, на изложбата на италијанската уметност во Братислава и на други значајни уметнички манифестации.

21. ЗАПЛЕТ, масло, 90 x 90, 1967.

22. СЛИКА, масло, 90 x 90, 1967.

23. ПРИСУТНОСТ, масло, 50 x 65, 1967.

**ЃАКОМО ПОРЦАНО**

Роден во Лерица (La Spezia) 1925. Учествувал на значајни изложби во Италија и странство меѓу кои на Националното Квадриенале на уметностите во Рим и Торино, на Меѓународното медитеранско Биенале во Александрија, Националното Биенале на графика во Венеција, изложбата на италијанската уметност во Триполис, Лима, Сан Франциско, Чикаго, Москва, Хамбург, Њујорк, Синсинати. Делата му се наоѓаат во бројни музеи во Италија, САД, Швајцарија, Англија, како и во јавни и приватни збирки.

24. ВО ТАКТ, масло, 90 x 70, 1965.

25, ГЛАВА СО ДИЈАГРАМ, масло, 60 x 80, 1965.

26. ФАМИЛИЈАРЕН ПОРТРЕТ, масло, 80 x 60, 1965.

**ЕНРИКО ПАУЛУЧИ**

Роден во Ѓенова 1901. Сликар, директор на Академијата на убавите уметности во Торино, претседател на италијанскиот комитет АИАП, член на Високиот Совет на убавите уметности. Активноста ја започнува 1928 со „Групата на шесторицата“, а со поддршка на Лионело Вентури, борејќи се за слободна уметност. Оттогаш учествувал на бројни значајни изложби во Италија и странство. Посветени му се изложби и засебни одделенија на Биеналето во Венеција и Националното Квадриенале во Рим. Делата му се наоѓаат во главните музеи и галерии во Рим, Торино, Милано, Венеција, Москва, Париз, Лондон, Буенос Аирес, Каракас, Сао Пауло, Тел Авив, Токио. Се занимава и со театарска и филмска сценографија.

27. НА МОРЕ, масло, 75 x 90, 1963.

28. ЗЕЛЕНА ДОЛИНА, масло, 90 x 65, 1967.

29. ВО ПЛАНИНАТА, масло, 90 x 65, 1967.

**САРА ШЕРМАН**

Родена 1922 во Филаделфија, живее во Њујорк и Рим. Како добитник на Фулбрајтовата награда го завршила своето уметничко образование во Италија. Учествувала на значајни изложби меѓу кои во Whitney Музеј и Музејот на модерна уметноста во Њујорк, во Музејот во Сан Франциско. Самостојни изложби во САД, Италија, Југославија (Скопје и Нови Сад), Австрија, Чехословачка, СССР. Делата ѝ се наоѓаат во збирките на Музејот на модерна уметност и Музејот на американската уметност во Њујорк, Галеријата на модерна уметност во Рим, во музеите во Тел Авив, Скопје, Чикаго, Сан Франциско, како и во бројни приватни колекции во САД, Италија и другите земји. Добитник на наградата за сликарство на американската Академија и Националниот Институт за уметност и književност.

30. МРТВА ПРИРОДА, ВИЕТНАМ, масло, 90 x 115, 1966.

31. ВО ДЕЛТАТА НА МЕ КОНГО, масло, 110 x 119, 1967.

32. ЈЕ-ЈЕ ДЕВОЈЧЕНЦА, масло, 118 x 60, 1967.

**АНДРЕ ВЕРЛОН**

Роден во Цирих 1917. Писател и историчар на уметноста. Имал самостојни изложби во Монако ди Бавиjера, Рим, Диселдорф, Париз, Лондон, Њујорк, Базел, Виена, Линц, Грац, Фиренца и други градови. Учествувал на значајни групни изложби во САД, Франција, Англија, Чехословачка, Швајцарија, Австрија, Италија. Делата му се наоѓаат во Националниот Музеј во Париз, Музејот на XX век и Албертини во Виена, во Музејот Георгија во Атина и во бројни приватни збирки.

33. НЕРАЗБИРЛИВО, масло и колаж, 93 x 90, 1961/63.

34. ЖЕЛБА, масло и колаж, 50 x 50, 1966.

35. ОСАМЕНОСТ, масло и колаж, 146 x 97, 1964.

ANDRÈ VERLON



MARIO GUGLIELMOTTI





BRANKO FILIPOVIĆ - FILO



GIACOMO PORZANO



RICHARD ANTON

ANTONIO BERNI





ENRIKO PAULUCCI



ANTONIO FRACONI



VITO APULEO



DINO BOSCHI



ARMANDO DE STEFANO



SARAI SHERMAN

**RICHARD ANTOHI**

Né 1927 à Milan. Peintre et architecte. Il a participé aux importantes expositions: exposition de la Quadriennale Nationale à Rome, exposition artistique à Latina, Biennale Internationale du petit dessin à Palermo et Tunise, aux Festivals Harlow Arts en Essex (Angleterre). Il a reçu plusieurs prix. Fait les décorations aux batiments publiques en Italie et à l'étranger. On trouve ses oeuvres dans la Galerie des arts modernes à Rome, ainsi que dans plusieurs collections particulières et publiques.

1. L'USURE DU SPHINX, huile, 94 x 68, 1965.
2. VOÛTES, FRAINS SUR UNE PLAQUE ET SOUVENIRS QUOTIDIENS, huile, 115 x 93, 1966.
3. LES FORMES SOURIANTES, huile, 61 x 63, 1966.

**VITO APULEO**

Né 1928 à Cerignola. Peintre et critique d'art. Il a exposé aux plus importantes expositions: exposition de la Quadriennale Nacionale des Arts à Rome, exposition aristique à Latina, Premio Michetti, Premio de la ville S. Giovanni. Il a reçu plusieurs prix. On trouve ses oeuvres dans plusieurs collections particulières et publiques.

4. MUR, huile, 80 x 100, 1965.
5. PAYSAGE huile, 80 x 100, 1965.
6. PAYSAGE DE CALAHRE, huile, 80 x 100, 1966.

**ANTONIO BERNI**

Né 1905 à Rosarie de Santa Fe (Argentine). Nombreuses expositions collectives et individuelles en Argentine, France, Espagne, URSS. Pologne, Allemtgne, USA, Roumanie, entre autre au Salon de Mai à Paris, Biennale Internationale à Ljubljana, Biennale à Venise, où il a reçu premier prix de gravures. On trouve ses oeuvres dans les musées de USA, France, Argentine, Italie. Avec Verlon et Antohi il est un des fondateurs du grupe internationale „Imago".

7. TORÉADOR, collage et gravure sur bois, 77 x 51, 1964.
8. RAMONE SUR LA FENÊTRE, collage et gravure sur bois, 41 x 64, 1965.
9. PÊRE ET MÊRE DE RAMONE, collage et gravure sur bois, 23 x 32, 1965.

**DINO BOSCHI**

Né 1923 à Bologne. Il a pris part aux expositions suivantes: Quadriennale Nationale à Rome, Morgan's Paint, Premio Suzzara ,Biennale de St. Marin, Biennale Internationale du petit dessin à Palerme et Tunisie, Exposition Nationale de la Peinture Figurative à Milan et aux autres expositions importantes. Il a reçu le prix Fiorino à Florence, ainsi que les prix à Merzabotto, Coppar. On trouve ses oeuvres dans des nombreuses collections particulières et publiques. publiques.

10. EXPRESSION DE LA BALLE, huile, 120 x 100, 1966.

11. A, huile, 100 x 100, 1965.

**ARMANDO DE STEFANO**

Né 1926 à Naples. Il a participé aux nombreuses expositions en Italie et à l'étranger: Biennale à Venise, Quadriennale Nationale des Arts à Rome, Exposition Internationale du petit dessin à Palerme et à Tunisie, exposition de l'art italien en Autriche, URSS, Hongrie, Australie, Espagne, Il a reçu plusieurs prix. Fait des décorations pour les batiments publiques.

12. VICTIME, huile, 70 x 60, 1967.

13. TOMBEAU POUR L'INQUISITEUR, huile, 70 x 60, 1967.

14. K. K. K., huile, 70 x 60, 1967.

**BRANKO FILIPOVIĆ — FILO**

Né 1924 à Cetinje. Expositions individuelles: Belgrade, Zagreb, Bruxelles, Vienne et Rome. Il a participé aux expositions collectives dans le pays et à l'étranger: Salon d'Octobre, exposiiton de l'Art Yougoslave Contemporian à New York et Caire, Biennale Méditerrannéenne en Alexandrie. Il expose cette année à l'Exposition Mondiale à Montréal et à l'exposition de la peinture yougoslave au Proche Orient. On trouve ses oeuvres dans les collections publiques et individuelles.

15. PORTRAIT, huile, 80 x 100, 1966.

16. MOTIF, huile, 85 x 100, 1967.

17. MOTIF II, technique mixte, 66 x 50, 1967.

**ANTONIO FRASCONI**

Né 1919 à Montévideo (Uruguay). D'origine italien, il vit à USA. Expositions individuelles: USA, Mexique, Uruguay, Italie, Angleterre. Il a pris part à l'exposition de l'art moderne à New York, dans plusieurs pays d'Europe, Amérique et Asie. On trouve ses oeuvres dans les principales musées de USA, ainsi que dans plusieurs collections particulières et publiques en USA, Amérique et Europe.

18. MUR (HOMMAGE À DARICA LORCA), gravure sur bois en couleurs, 56 x 76, 1963.

19. SOUVENIR DE L'ESPAGNE, gravure sur bois en couleurs, 91,5 x 61, 1963.

20. DALLAS À TEXAS EN NOVEMBRE 1963, gravure sur bois en couleurs, 91 x 61,5, 1964.

**MARIO GUGLIELMOTTI**

Né 1921 à Rome. Il a exposé à la Quadriennale Nationale des arts à Rome, exposition artistique à Latint, exposition de l'art italien à Bratislava et aux autres importantes manifèstations artistiques. Il a obtenu plusieurs prix.

21. INTRIGUE, huile, 90 x 90, 1967.

22. PEINTURE, huile, 90 x 90, 1967.

23. PRÉSENCE, huile, 50 x 65, 1967.

**GIACOMO PORZANO**

Né 1925 à Lerica (La Spezia). Il a participé aux importantes expositions en Italie et à l'étranger: Quadriennale Nationale des Arts à Rome, et à Turin Biennale Méditerrannéenne en Alexandrie, Biennale Nationale des gravures à Venise, exposition de l'art italien à Tripolis, Lima, San Francisco, Chicago, Moscou, Hambourg, New York, Cincinnati. On trouve ses oeuvres dans les nombreuses musées en Italie, USA, Suisse, Angleterre et dans les collections publiques et particulières.

24. EN CADENCE, huile, 90 x 70, 1965.

25. TÊTE AVEC UN DIAGRAMME, huile, 60 x 80, 1965.

26. PORTRAIT FAMILIAL, huile, 80 x 60, 1965.

**ENRICO PAULUCCI**

Né 1901 à Gênes. Peintre, directeur de l'Académie des Beaux-Arts à Turin, président du Comité italien AIAP, membe du Haut Conseil des beaux arts. 1928 il a commencé ses activités, avec „Le groupe de six", soutenu par Lionello Venturi, en luttant pour un art libre. A partir de cette date il a participé aux plusieurs expositions importantes en Italie et à l'étranger. On lui a consacré des expositions et salles spéciales à la Biennale de Venise et à la Quadriennale Nationale à Rome. On trouve ses oeuvres dans les principales musées et galeries à: Rome, Turin, Milan, Venise, Moscou, Paris, Londres, Buenos Aires, Caracas, Sao Paulo, Tel Aviv, Tokyo. Il s'occupe aussi de la scénographie de théâtre et de film.

27. AU BORD DE LA MER, huile, 75 x 90, 1963.

28. VALLÉE VERTE, huile, 90 x 65, 1967.

29. DANS LA MONTAGNE, huile, 90 x 65, 1967.

**SARAI SHERMAN**

Née 1922 à Philadelphie, vit à New York et à Rome. Elle a fait ses études d'art en Italie, grâce au prix Fulbright qu'elle a reçu. Elle a participé aux expositions importantes entre lesquelles aux expositions du Whitney Muzeum et Le Musée d'Art Moderne à New York, Musée de San Francisco. Expositions individuelles: USA, Italie, Yougoslavie (Skopje, Novi Sad), Autriche, Tchécoslovaquie, URSS. On trouve ses ouevres dans les collections du Musée d'Art Moderne et du Musée d'Art Américain à New York, La Galerie d'Art Moderne à Rome, Les musées de Tel Aviv, Skopje, Chicago, San Francisco,, ainsi que dans plusieurs collections particulières aux USA, Italie et d'autres pays. Il a recu le prix de peinture de l'Académie Américaine et de l'Insitut National d'Art et des Lettres.

30. NATURE MORTE, VIÊT-NAM, huile, 90 x 115, 1966.

31. AU DELTA DE ME' KONG, huile, 110 x 119, 1967.

32. PETITES FILLES JE-JE, huile, 118 x 60, 1967.

**ANDRÉ VERLON**

Né 1917 à Zurich. Écrivain et historien d'art. Expositions individueles: Monaco di Baviera, Rome, Dusseldorf, Ftris, Londres, New York, Bôle, Vienne, Linz, Gratz, Florence et d'autres villes. Il a participé aux importantes expositions collectives: France, Angleterre, Tchécoslovaquie, Suisse, Autriche, Italie. On trouve ses ouvres dans le Musée National à Paris, Musée du XX ème siècle et Albertini à Vienne, Gorgija Musée d'Athênes et aux nombreuses collections particulières.

33. INCOMPRÉHENSIBLE, huile et collage, 93 x 90, 1961/63.

34. DÉSIR, huile et collage, 50 x 50, 1966.

35. LOLITUDE, huile et collage, 146 x 97, 1964.

предговор :
préface : Vito Apuleo
издава : Музеј на современа уметност — Скопје
édition : Musée d'art contemporain — Skopje
текст :
texte : Sonja Abadžieva Dimitrova
превод :
traduction : Sonja Abadžieva Dimitrova
прелом на каталогот :
maquette : Stojan Petrović
поставка на изложбата :
accrochage : Stojan Petrović
печатница : Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје
imprimerie : Grafički zavod „Goce Delčev” — Skopje